Верица СТАМЕНКОВА-ТРАЈКОВА

# СЕМЕЈСТВОТО И ПОРЕМЕТУВАЊАТА ВО ПОВЕДЕНИЕТО КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

"Менталното здравје е производ од емоционалното давање и земање во семејните односи"

(*Н. Екерман*)

Улогата на семејството во развојот на личноста на детето е несомнено примарна. Затоа на проблематиката на семејното живеење (условите, односите во семејството, неговата структура и функција), им се придава особено значење и се укажува на потребата од понатамошни истражувања и влијанија, како на подрачјето на превенцијата така и на терапевски план. Голем број истражувања укажале на тоа дека семејната емоционална клима го одредува квалитетот на комуникацијата меѓу членовите, атмосферата на сигурност и прифатеност, развојот на најдлабоки и најистрајни особени на личноста на детето. Се укажува на тоа дека постојат безброј начини на кои родителите предизвикуваат кај детето чувство на прифатеност или неприфатеност - отфрленост. Ронеровата теорија на родителското прифаќање и отфрлање е теорија на социјализацијата, која се обидува да ги објасни и предвиди последиците од родителското однесување на димензијата - родителска топлина, на чиишто еден крај се наоѓа прифатеноста а на спротивниот отфрленоста на детето. Според оваа теорија, родителското прифаќање или отфрлање има силни последици врз функционирањето на личноста на возрасниот човек кој за себе вели дека бил "отфрлено дете". Отфрлувањето, како што покажуваат повеќе други истражувања, може да биде причина за

појавата на различни психички пречки и пореметувања во поведението на децата, особено на младите. Ова затоа што адолесценцијата е доба на големи и релативно брзи промени во телесен, психички и социјален план. Тоа е период на созревање, внатрешен немир и одвојување и влегување во светот на возрасните. Затоа е разбирливо и очекувањето дека младите имаат и одредени проблеми. Многу родители често не се свесни за ефектот од своите зборови и постапки, а уште помалку се свесни за причините за сопственото однесување, смета Ронер (1984). Неговите истражувања покажуваат дека отфрлените и емоционално запоставените деца, било каде да живеат, значајно повеќе од прифатените, покажуваат повеќе непријателство, агресивност, емотивно се понестабилни, несигурни, со нагласена потреба за љубов и неспособност да возвратат со љубов и одговорат на блиските меѓучовечки односи.

Голем број истражувања на овие проблеми и на просторите на поранешна Југославија (И. Толичиќ, 1970, Ж. Јошовиќ, 1970; М. Кошичек и др.) укажуваат на исклучителното значење на семејните односи за менталното здравје и поведението на децата и младите. Во студијата објавена 1970 година Кошичек изнесува загрижувачки сознанија од испитувањето на огромна популација училишни деца. Во дел од заклучоците на истата се истакнува: половина од испитаниците исполнуваат пореметување на однесувањето, нивниот број расте со возраста на детето; напоредно со тоа расте и интензитетот на тие пореметувања (с. 103).

Бидејќи поопсежни истражувања на семејните односи и пореметувањата во поведението кај децата кај нас не се вршени, во оваа прилика се определивме за истражување чиј предмет е семејната атмосфера набљудувана низ димензија на прифатеност и отфрленост, димензија на чии еден крај се наоѓа прифатеноста изразена низ љубов и топлина, а на другиот крај отфрленост, изразена со непријателство, аграсивност, занемареност, игнорирање. За овој труд е значајно сè што се случува во семејството, а што влијае врз психичкиот развој и формирањето на поведението кај децата.

## Цел на истражувањето

Најшироко дефинирана целта на ова истражување е низ добиените податоци за односот и постапките на родителите кон децата да се провери основната претпоставка дека несоодветните постапки на родителите можат да предизвикаат низа психички, емоционални, социјални пречки и пореметување на поведението кај детето кои особено се потенцирани во адолесценцијата.

Поконкретни цели се:

- да се испита типот на пореметеноста на семејната атмосфера и видот на пореметувањето кај детето;

- да се утврди степенот на истоветност (согласување - несогласување) на родителите во воспитните постапки кон детето и нивното влијание на појавата на пречки или пореметување на поведението кај децата.

**Хипотези**

*Основна хипотеза*: Емоционалната клима во семејството е од особено значење за организацијата на личноста на адолесцентот и формирањето на неговото поведение.

1. Најголем број деца со пречки во поведението потекнуваат од семејства во кои преовладува авторитативен однос, угнетување и агресивност.

2. Децата со висок индекс на анксиозност потекнуваат најчесто од семејства со неуедначени постапки на родителите кон нив.

Истражувањето има аналитичко-дескриптивен карактер.

**Инструменти**

Применети се три вида прашалници:

- *прашалник за адолесцентот* - содржи 24 тврдења (ставки). Испитаникот на скала од Ликертов тип проценува дали однесувањето наведено во тврдењето вреди секогаш, понекогаш, ретко или никогаш како опис на однесувањето на неговата мајка - неговиот татко.

- *прашалници за родителите* (посебно за мајката, посебно за таткото).

Првиот дел од овие прашалници содржи прашања за односите меѓу родителите, нивните конфликти околу заедничките активности во семејството. Во вториот дел на скалата родителите проценуваат дали однесувањето наведено во тврдењето го применуваат секогаш, понекогаш, ретко или никогаш кон нивното дете.

За испитување на емоционалните пречки, посебно анксиозноста кај децата, е применет *тестот ГАСК* (Скала на општа анксиозност за деца). Тврдењата од прашалниците ги комбинираме во 4 субскали кои ги означивме како: ладен однос - непристапност; индиферентност - запоставеност- занемареност; авторитативност - угнетување - агресивност; неуедначен однос - недоследност.

**Примерок**

Ова истражување е дел од едно пошироко истражување на поголема популација млади со пореметено поведение кои побарале помош во Центарот за социјална работа.

Тоа е дел од едно пошироко истражување во кое на поголема популација се испитуваат повеќе други варијабли. За оваа цел се ограничивме на дел од испитаниците и семејствата (48) кај кои се евидентни пречките и пореметувањата во поведението, кај едно или повеќе деца од истото семејство.

Според тоа кој тип односи преовладува во семејството, истото го поделивме на:

1. семејства во кои родителите не им посветуваат доволно внимание на децата и воопшто не ги контролираат и надгледуваат, немаат увид во нивното однесување (занемарено воспитание);

2. семејства во кои односите се ладни и родителите се непристапни за детето и детето не ужива топлина и доверба;

3. семејства во кои преовладува престрог однос и "авторитет" на угнетување;

4. семејства со неуедначен однос на родителите кон детето и неуедначен однос на родителот кон одредено однесување на детето.

**Резултати и дискусија**

*1. Семејства во кои родителите не им посветуваат доволно внимание на децата и воопшто не ги контролираат, немаат увид во нивното однесување "занемарено воспитание"*

Причините за ваквиот однос можат да бидат повеќеструки. Во нашето истражување се покажа дека најчеста причина е презафатеноста на родителите со работа, општествените обврски, недостатокот на време кое би го посветиле на своите деца како би се запознале со односот на децата кон обврските, како тие го користат слободното време, на какво друштво припаѓаат, како се однесуваат во училиштето, домот и на јавни места. Во некои случаи ваквиот однос е израз на непознавањето на сопствената воспитна улога од страна на родителите, или нивното погрешно сфаќање по кое давањето потполна слобода на детето и младиот и отсуството на секаков надзор над нивното однесување значи ново и прогресивно во воспитанието на детето. Ваквиот однос на родителите кон детето, овозможува појава на разни форми на општествено неприфатливо поведение, што е случај кај 32% од младите

од семејства со ваков тип на односи. Кај 11,9% од нив се констатирани и посериозни нарушувања на поведението.

Нашите поранешни истражувања (1988; 1990) покажуваа дека дури 49% од младите со тешки пореметувања на поведението (малолетни делинквенти) потекнуваат од семејства во кои родителите не се интересираат за нивните активности но и за нивните потреби, желби и барања. Тоа го потврдуваат и истражувањата на повеќе други истражувачи (Р. Пејчиновиќ, 1990; Ј. Ледиќ, 1990 и др.).

Еден од условите надзорот на родителите над однесувањето на децата да биде можен е децата да проведуваат доволно време во кругот на семејството и организирано и општествено корисно да го користат своето слободно време. Значаен број млади со пречки во поведението поминуваат голем дел од слободното време надвор од семејството, покажа ова истражување. Нивните ангажирања и активности во тој период не им се познати на нивните родители.

Сето претходно недвосмислено укажува дека младите со пореметено поведение во значаен број се воспитувани во услови кои се далеку од родителската контрола, имале неограничена слобода во излегувањето и задржувањето надвор од домот. Секако, овие резултати не ги прифаќаме како опомена за неограниченото движење на децата и младите, туку како потреба за контрола и познавање на движењето на децата и нивните ангажирања во слободното време и соодветно и навремено извршување на обврските во училиштето и домот.

### *2. Семејства во кои односите се ладни и родителите се недостапни за детето - дете кое не ужива топлина и доверба*

Во овие семејства постојат негативни облици на емотивна размена меѓу родителите и детето. Основни карактеристики на овој однос се: игнорирање на детето, неодговарање на неговите прашања, занемарување на детските потреби, желби и неисполнување на тешко и ретко дадените ветувања. Со ваквото однесување се нарушува неговото чувство на сигурност и самодоверба, детето се чувствува беспомошно, отфрлено, емоционално запоставено. Најновите истражувања укажуваат на тоа дека децата од семејства со ваков тип на односи било каде да живеат, значајно повеќе отколку прифатените, покажуваат повеќе непријателство, агресивност, емотивно се нестабилни, несигурни, имаат нагласена потреба од љубов, а на дадената љубов не умеат да ѝ возвратат. Ронер во цитираното дело ја поставил теоријата според која отфрлањето и неприфаќањето на детето од страна на родителите кај него може да се вгради во низа психатриски проблеми, освен проблемите во поведението.

Кај децата од семејства со ладен однос и негативни форми на емоционална размена се сретнуваат проблеми во врска со спиењето (ноќен страв, енурези), апатичност, незаинтересираност. Кај 32% од децата констатиравме средно изразена анксиозност, а кај 11,2% значајна анксиозност.

*3. Семејства во кои преовладува престрог однос и "авторитет" на угнетување*

Истражувачките резултати и практичното искуство покажале дека со овој вид семејни односи не се формираат позитивни личности. Во такви односи не постои соработка, блискост и взаемно почитување, без кои нема ни правилно воспитание ни позитивно однесување. Суровоста и угнетувањето во семејството формираат сурови или премногу плашливи личности. Овие деца, подоцна млади луѓе тешко се вклопуваат и вклучуваат во општествениот живот и тешко ги прифаќаат општествените норми на однесување. Во повеќе од наведените истражувања се истакнува сфаќањето според кое најголем број млади со пореметено поведение произлегуваат од семејства во кои примената на физичка казна и тешки вербални повреди биле најчест вид "педагошка мерка" која врз децата ја применувале нивните родители.

Според одговорите на родителите и во нашето истражување констатиравме дека кај децата со различни проблеми, а особено со воспитни проблеми, казната (физичка или вербална) често се применувала како "воспитно средство", значајно повеќе одошто во други семејства.

*4. Семејства со неизедначен однос на родителите кон детето*

За успех на семејното воспитание од особена важност е единственото делување на сите воспитни чинители во семејството. Единственото влијание мора да биде прво остварено кај родителите. Нееднаквиот однос на родителите може да има само негативен одраз врз воспитанието на детето. Особено е штетно и сосема непожелно едниот родител да се однесува на еден, а другиот на друг често спротивен начин (пример, таткото строго и аворитативно, мајката благо и попустливо). Тоа доведува до слабеење на авторитетот на едниот, а најчесто и на двата родители, до судир на различни влијанија, кој не поминува без штетни последици врз младата личност која е во фаза на формирање. Расчекорот на неизедначениот однос кон детето нанесува повеќе штета врз неговото морално воспитание.

Се сретнуваат и ситуации на нееднаков однос и реакција на родителот кон иста постапка на детето. Еднаш, во зависност од моменталното расположение на родителот, за иста постапка детето се пофалува или наградува, другпат строго се опоменува или казнува. Таквиот недоследен однос на родителот кај детето доведува до збунетост и страв од реакцијата на родителот кон секоја негова постапка.[1] Доколку ваквиот однос на родителите е вообичаен и секојдневен кај детето доаѓа до појава на посериозно емоционално пореметување кое се карактеризира со чувство на постојан и неодреден страв, заплашеност, анксиозност. Во нашето истражување се покажа дека бројот на децата со средна и висока анксиозност е највисок меѓу децата од оваа група на семејства. Разликите во однос на децата од другите семејства се значајни на ниво на значајност 0,01.

Од претходното произлезе заклучокот дека еден од основните услови за *успешно воспитание* на детето е единствениот и уедначен однос на двата родители кон детето и доследноста во нивните релации кон исти постапки и однесување на детето. Во семејствата во кои не е постигната оваа согласност доаѓа до различни пречки во поведението на адолесцентот.

Низ овој краток осврт на некои форми на однесување на родителите кон детето се обидовме да укажеме на нивното позитивно или негативно влијание врз поведението на децата и младите. Ги издвоивме само оние димензии кои се најчести и кои се особено значајни во семејното воспитание на детето и кои можат да имаат изразито негативни последици врз развојот и однесувањето на детето. Вкупните резултати од истражувањето упатија на следниве

**Заклучоци**

1. Кај една третина од испитаниците се сретнуваат благи пореметувања во поведението: немарност, несамостојност, повлеченост, расеаност. На овие деца им е потребна стручна помош од наставникот.

2. Кај 43% од испитаниците постојат проблеми од посериозна природа, воспитна запуштеност, кај 14% делинквенција, покрај зголемената грижа на наставникот, потребна им е и стручна помош од психолог и социјален работник.

3. На младите кај кои покрај пореметувањата во поведението е констатирана висока анксиозност им е потребна стручна помош во советувалишта за ментално здравје.

---

1. Во нашето истражување утврдивме дека постои значајна разлика помеѓу односот на едниот и на другиот родител во следниве релации: емотивна врска, строгоста, праведноста и физичкото казнување.

*Генерален заклучок* е: пореметувањата во емоционалното и социјалното однесување на адолесцентот во значајна мерка се резултат од пореметената емоционална атмосфера во семејството, меѓусебните односи во него и воспитните ставови на родителите кон младиот.

Резултатите од ова истражување укажуваат на потребата од развиена служба за заштита на менталното здравје на децата и младите. Таа би морала активно да се занимава со превенцијата на психичките пречки кај децата уште од најраната возраст. Тоа може да се постигне само низ тимска работа на психолошко-педагошките и здравствените и социјалните служби.

Тежиштето во работата на заштитата на менталното здравје на децата и младите треба да се стави на семејството и тоа како на превентивна така и на тераписка активност.

ЛИТЕРАТУРА

1. Екерман, Н (1966): Психодинамика породичног живота (Дијагноза и лечење породичних односа), Графички завод, Титоград.

2. Јашовић, Ж. (1970): Повезаност неких облика односа родитеља према деци са преступачким понашањем младих, Култура, Београд.

3. Кошичек, М. (1970): Породица и пореме ћа и понашања школске деце, во книгата: Породица и социјализација младих, Радничка штампа, Београд.

4. Ledić, J. (1990): Kreativno djete - zanemareno djete. Zbornik II, Udruženje za socijalnu psihijatriju, Šibenik.

5. Pejčinović, R. (1990): Zapuštanje i zlostavlanje djece, Zbornik I, Udruženje za socijalnu psihijatriju, Šibenik.

6. Rohner R. P. (1984): Handbook for the study of pazental Acceptance and rejection, Meassurement of Rarental Acceptance Rejection and Its Social Emotional Consequences, Center for the Study of Parental Acceptance and Rejection, The University of Connecticut Stories, CT, USA.

7. Толчић, И. (1970): Адолесценти и њихови проблеми у породици, прилог од Симпозиум "Породица и социјализација младих", Београд.

8. Трајкова - Стаменкова, В. (1988): Условите во семејството и воспитната запуштеност, Психологија и општеството, ДПМ, Битола.

9. Трајкова - Стаменкова, В. (1990): Поремечени породични односи - узрок запуштања и злостављања деце, Зборник II, Меѓународен конгрес за правата на децата - Шибеник.

Verica STAMENKOVA - TRAJKOVA

## THE FAMILY AND THE DISTURBANCE IN THE BEHAVIOUR OF ADOLESCENTS

(Summary)

The article is a comparative study of the family relations and appearance of distubed behaviour in children and adolescents. The family atmosphere was examined through the dimension of acceptance-rejection of the child in the family.

Our basic goal was examination of the types of disturbance of family atmosphere and kinds of disturbance of adolescents.

The initial hypothesis is that most of the children with obstruction in their behaviour come from families where there are authoritative relations, abuse and violence.

The general conclusion is that disturbance of the emotional and social behaviour of the adolescent appears as a result of disturbance in the family atmosphere.